Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-124/3
Датум: 10.02.2025

Врз основа на член 21 став 1 точки 15, а во врска со член 23 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на седницата одржана на 30.01.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ** против ООУ „Вера Циривири Трена“ за дискриминација во пристапот до основно образование врз основа на посебни образовни потреби на ученикот [redacted]

## Образложение

На 14.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен претставка од подносителката [redacted] Во претставката е наведено дека ученикот [redacted] бил дискриминиран, поради тоа што училиштето не му дозволувало да посетува настава. Персоналот на училиштето ѝ наложил на мајката на ученикот, тој да седи дома.

Имајќи предвид дека подносителката на претставката нема активна легитимација за поднесување на претставката, а проблемот опфатен во претставката создаде индикации за дискриминација, добиените информации Комисијата ги третираше како информации добиени по допрен глас. Имајќи го тоа предвид, Комисијата достави Барање за доставување информации до ООУ „Вера Циривири Трена“. Поаѓајќи од тоа дека согласно законските прописи основното образование е задолжително за секое дете, Комисијата го задолжи училиштето да ги појасни причините поради кои ученикот [redacted] не посетува основно образование. Заради целосно испитување на состојбата, членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација – Душан Томшиќ оствари и средба со мајката на [redacted] на која мајката на ученикот ја појасни ситуацијата.

На 5.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок од ООУ „Вера Циривири Трена“, како одговор на Барањето за доставување информации. Со истиот известија дека [redacted] е ученик во прво одделение во училиштето, во учебната 2024/2025 година. Тврдат дека уште во првите денови од учебната година, [redacted] покажал отсуство на самоконтрола и соработка како несоодветно и деструктивно однесување. Таквото однесување довело до недициплина и нарушена работна атмосфера во училницата. Наведуваат дека и покрај преземените мерки и работата на стручната служба и наставниот кадар, немало подобрување во однесувањето на [redacted] Родителите на учениците од одделението


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

секојденовно имале реакции, бидејќи нивните деца биле изложени на задевање од страна на [redacted] Од училиштето тврдат дека во одделението биле присутни немир и несигурност, поради што бил отежнат воспитно – образовниот процес. По посета на соодветни институции и добиени препораки за интензивна помош и работа со стручно лице, стручниот тип со поддршка од родителот (неговата мајка) одлучиле да се испочитуваат препораките и да се посвети внимание на подобрување на емоционалната состојба на ученикот. Стручниот тим и наставниците од училиштето одлучиле од 11.11.2024 година, две до три недели [redacted] да работи со печатени материјали во координација со наставниците и интензивно да работи на издадените препораки, со цел надминување на состојбата. Во дадениот период [redacted] ги сработувал зададените задолженија, кои биле прегледувани од страна на наставниците и соодветно оценети. Училиштето известува дека за периодот додека [redacted] работел со стручно лице, според наведувањето на неговата мајка, покажал позитивни резултати и подобрување во однесувањето. Со оглед на таквата информација, стручниот тим предложил [redacted] да ги сработува зададените задолженија во рамки на училиштето, но бил спречен поради повреда. Поради тоа одлучиле по закрепнување да се врати во училиште. Известуваат дека на 4.12.2024 година Дамјан дошол во училиште.

Заради следење на состојбата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 21.1.2025 година повторно испрати Барање за доставување на информации до ООУ „Вера Циривири Трена“. Со дописот, беше побарана информација *Дали ученикот* [redacted] *посетува редовна настава во ООУ „Вера Циривири Трена“ по почетокот на второто полугодие од учебната година.*

Училиштето, во одговорот наведе дека ученикот [redacted] второто полугодие го започнал со редовна настава во ООУ „Вера Циривири Трена“. Наведоа дека тој е секојдневно на училиште, а и покрај повременото несоодветно однесување, наставниците максимално се вложувале за тој редовно да ја следи наставата. Досега тој не отсуствувал од редовна настава. Појаснуваат дека станува збор за ученик кој покажува нетрпение и агресија, а тие како училиште ги преземаат сите форми, методи и стратегии за постоење на работна атмосфера во и вон училницата, со цел реализација на воспитно – образовниот процес.

Имајќи предвид дека Комисијата ја следеше состојбата во текот на неколку месеци, а особено последниот допис од училиштето дека ученикот [redacted] посетува редовна настава, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на седницата одржана на 30.1.2025, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски